СИНДИКАТ НА УПОЗ НА РМ
- Извршен одбор -

# ПРАВИЛНИК

За организација на спортски игри и средби
на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС - УПОЗ)

Скопје, април 2013 година

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0202-213/3
16.04.2013 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 56 од Статутот на Синдикатот на УПОЗ, Извршниот одбор на СИС УПОЗ на седницата одржана на 16.04.2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
За организација на спортски игри и средби
на членовите на Синдикатот на УПОЗ (СИС - УПОЗ)

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Синдикатот на УПОЗ, заради рекреација, дружење, меѓусебно запознавање и зближување на своите членови преку натпреварувања, организира спортски натпревари - спортски игри и средби, (во натамошниот текст СИС - УПОЗ).

Цели на СИС - УПОЗ се развивање на натпреварувачкиот дух меѓу членовите на Синдикатот на УПОЗ, создавање навика за континуирано спортување и рекреација, заради подобрување на нивните психофизички способности, како и знаењето и вештините од областа на спортот.

Член 2
Организирањето на спортските активности во синдикалните организации (во натамошниот текст СО), ја спроведуваат СО преку своите органи и тела (комисии, одбори и сл.), а на ниво на Синдикатот на УПОЗ ги спроведува и координира Организациониот одбор на СИС - УПОЗ, (во натамошниот текст Одбор на СИС - УПОЗ).

Член 3
СИС - УПОЗ традиционално се одржуваат еднаш годишно, по правило во месеците мај - јуни. Местото и времето на одржување на следните игри се определува најдоцна еден месец пред нивниот почеток.

Член 4
СИС - УПОЗ има свое знаме кое е со сина боја. На знамето е аплициран грбот на Синдикатот на УПОЗ, а во долниот дел со жолти букви стои: СИС - УПОЗ.

За време на одржувањето на игрите, знамето е истакнато на јарбол, во градот каде тие се одржуваат.

Член 5
СИС - УПОЗ има свој амблем. Амблемот е со иста боја како знамето.

## 2.ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР НА СИС - УПОЗ

Член 6

Организацијата на СИС - УПОЗ ја спроведува Одборот, составен од 5 - 7 члена - претставници на СО, членки на УПОЗ.

Одборот го именува Извршниот одбор на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ.

Член7

Претседател на Одборот е претседателот на Синдикатот на УПОЗ по функција.

Член 8

Мандатот на членовите на Одборот трае 5 години, со можност за нивна промена и кооптирање нови членови, пред истекот на мандатот од 5 години.

Член 9

Задачи на Одборот се:
- Одредува термин и место на одржување на СИС - УПОЗ;
- Врши организирање на престојот, сместувањето, исхраната, изборот на спортски терени и реквизити за спортските дисциплини кои ќе бидат застапени на натпреварите и сл.;
- Ја организира и спроведува процедурата на отварање и затварање на игрите, организира средби, излети за учесниците и гостите и сл.
- Доделува награди и признанија за учесниците, а по потреба предлага утврдување и нови;
- Именува комисии и работни групи за извршување на одделни задачи околу организацијата на СИС - УПОЗ;
- Определува рок за пријавување и учество на СИС – УПОЗ:
- Го подготвува и го следи извршувањето на финансиската конструкција на игрите;
- Обезбедува спонзорства, финансиски и други средства за подобра организација на игрите;
- Ги решава сите други прашања од областа на организацијата на СИС - УПОЗ, доколку нивното решавање не е пренесено на други тела;
- Ги донесува правилата и пропозициите за организација на СИС УПОЗ.

Член 10

Одборот на СИС - УПОЗ работи на седници.

Со Одборот раководи и седниците ги свикува Претседателот на Одборот, а во негово отсуство или спреченост, полноправно го заменува негов заменик кој го назначува Претседателот на Одборот.

Одборот ги донесува одлуките со гласање, при што одлуката се смета за донесена доколку за неа се изјаснат повеќе од половината од членовите на Одборот.

## 3. КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА СПОРТСКИТЕ ИГРИ НА СИС - УПОЗ

Член 11

Комисијата за натпревари на спортските игри на СИС-УПОЗ (Комисијата) може да биде составена од 5 до 7 члена, кои ги бира и именува Извршниот одбор на Претседателството на УПОЗ со мандат од 5 години, со можност за нивна промена и кооптирање нови членови, пред истекот на мандатот од 5 години

Член12

Задачи на Комисијата на СИС - УПОЗ се следните:

- Врши ждребување на натпреварувачките парови;
- Врши избор на судии и делегати за натпреварите;
- Одлучува по жалби и преставки во врска со натпреварите;
- Подготвува саатница на натпреварите;
- Врши контрола и дава согласност за подобноста на терените, реквизитите и сл;
- Подготвува конечен извештај за постигнатите резултати и ги прогласува победниците;
- Ги подготвува предлозите за правилата и пропозициите за организација на СИС УПОЗ.

## 4.СПОРТСКИ ИГРИ

Член 13

Спортските игри се одржуваат согласно Правила и пропозиции кои ги донесува Организациониот одбор на СИС УПОЗ.

Правилата и пропозициите, односно нивните евентуални измени и дополнувања, треба да бидат доставени до учесниците најдоцна 45 дена пред крајниот рок за поднесување пријави за учество на игрите.

Член 14

Натпреварувањето на игрите е екипно, во машка и женска конкуренција, некои дисциплини можат да бидат и мешани (заеднички).

Секоја синдикална организација, како екипа, може да учествува само со една екипа во секоја спортска дисциплина.

Член 15

Право на учество на игрите имаат екипите кои во соодветен рок и на соодветен начин (писмено), ќе бидат пријавени за учество.

Рокот и начинот на поднесување на пријавите го пропишува Организациониот одбор на СИС - УПОЗ.

Член 16

Во знак на признание за успешен развој на спортските активности и рекреација на членовите - учесници, се утврдуваат признанија кои можат да ги добијат:

- Синдикални организации и други организации за успешна организација и придонес во спроведувањето на СИС - УПОЗ;
- Членовите на синдикатот за активна работа во организирањето на СИС - УПОЗ;
- Лица и организации надвор од Синдикатот на УПОЗ, кои придонеле за развојот и унапредувањето на спортот и рекреацијата на СИС - УПОЗ.

Член 17

На СИС - УПОЗ се доделуваат следните постојани награди и признанија:

- Прво место за севкупен победник на игрите - се доделува пехар во трајна сопственост и преоден пехар кој екипата победник го чува до следните спортски игри,
- Прво место за севкупен победник во машка конкуренција - се доделува пехар во трајна сопственост, и
- Прво место за севкупен победник во женска конкуренција - се доделува пехар во трајна сопственост.

Екипата која трипати ќе биде прогласена за севкупен победник преодниот пехар го добива во трајна сопственост на Синдикалната организација.

Член 18

Во зависност од финансиските средства Одборот може да додели признанија и за освоено второ и трето место.
Признанијата од став 1 од овој член, можат да бидат во вид на пехар, медал, диплома или плакета.

Член 19

Признанијата можат да се доделат и на поединци кои низ екипни натпреварувања освоиле прво, второ или трето место, во дисциплините во кои можат да се рангираат најдобрите поединечни резултати.

**5.СРЕДБИ**

Член 20

За време на одржувањето на СИС - УПОЗ можат да се одржуваат и работни средби на учесниците.

На средбите се врши меѓусебно запознавање на учесниците, размена на искуства како од областа на работењето, така и од областа на синдикалната активност.

Член 21

Извршниот одбор на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ може да додели и посебни признанија во вид на плакети, дипломи и сл., за посебно залагање и активности во областа на синдикалното работење на синдикални организации или поединци, во времето помеѓу двете СИС - УПОЗ.

**6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 22

Право на учество на игрите има секој член на Синдикатот на УПОЗ, организиран во екипа преку неговата СО.

Со посебна одлука на Организациониот одбор на СИС УПОЗ, во игрите можат да земат учество и членови на други синдикати.

Член 23

Трошоците за учество на игрите: превоз, сместување и исхрана ги сноси секоја екипа - учесник, за своите членови, додека трошоците за Одборот и Комисијата ги сноси организаторот.

Член 24

Екипи - учеснички на СИС - УПОЗ се сите пријавени екипи од СО членки на Синдикатот на УПОЗ.
Екипите учеснички се должни да платат котизација за учество за вкупниот број пријавени учесници.
Износот на котизација го одредува Организациониот одбор.

Член 25

Ораганизаторот е должен за време на траењето на СИС - УПОЗ да обезбеди санитетски и здравствени услуги. Во случај на повреда со потешки последици, лечењето се продолжува по пат на редовно - задолжително здравствено осигурување. Организаторот во тој случај нема никаква одговорност.

Со одлука на Организациониот одбор на СИС УПОЗ, Синдикатот може да обезбеди и колективно осигурување за учесниците на СИС - УПОЗ.

Член 26

Толкување на одредбите од овој Правилник, дава Одборот на СИС - УПОЗ.
Одборот на СИС - УПОЗ е надлежен за решавање на сите други прашања кои се опфатени со овој правилник.

Член 27

Учесниците на СИС - УПОЗ спогодбено го прифаќаат овој Правилник.

Евентуални измени и дополнувања на овој Правилник донесува Извршниот одбор на Синдикатот на УПОЗ.

Член 28

Овој правилник стапува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател,
Пецо Грујовски